ниот фактор од кој ќе зависи влијанието на глобалното замрзнување на светската економија (замрзнувањето на економскиот раст и меѓународните текови на капитал) врз економската активност во Македонија.

Носителите на макроекономските политики, на располагање имаат две можности. Прво, да не се обидат да ги коригираат ефектите од намалената извозна побарувачка и намалувањето на меѓународните текови на капитал, со мерките на макроекономската политика. Индустриите што би биле најмногу погодени од глобалните рецесиони движења: металната, транспортната, градежната, текстилната, и други, би требало да поминат низ брзо микроекономско преструктуирање, за да некако го преживеат глобалниот шок. Со економската обнова во САД и Западна Европа, како резултат на глобалните мерки, би се забрзала економската активност во Македонија и би се рехабилитирале ранливите индустрии. Втората можност е носителите на економските политики да се обидат да ги релаксираат монетарната и фискалната политика според кејнзијанската рецептура и го олеснат реструктурирањето на ранливите сектори. Притоа, рецептурата за релаксирање на политиките на управување со агрегатната побарувачка во мала и отворена економија не се исти со рецептурата за голема и затворена економија.

Во услови кога девизниот курс на македонскиот денар во однос на еврото, претставува номинално сидро за монетарната и фискалната политика, до нивно релаксирање (намалување на каматните стапки, зголемување на кредитите и јавната потрошувачка), може да дојде само ако се зголеми приливот на капитал од странство. Во спротивно изложеноста на ризик од нестабилна валута станува високо. Согласно со тоа, обидот за привлекување на дополнителен капитал, без оглед на неговата цена, станува предуслов за релаксирање на монетарната и фискалната политика. Со оглед на се подебелиот лед со кој се покриваат приватните пазари на капитал, позајмувањето од меѓународните финансиски институции: ЕБРД, ЕИБ, КФВ, ММФ, Светската банка, ќе станува неизбежно. Тоа ќе овозможи економијата да плива, каматните стапки да се одржуваат на прифатливо ниво, во услови на зголемени јавни расходи во областа на инфраструктурата и умерени фискални дефицити. Во случај во целост да не се позајмат потребните средства од меѓународните финансиски институции, како мотор за зголемување на приватните инвестиции може да служи и зголеменото домашно штедење. Единствен сектор кој може да го направи тоа, во услови на успорена економска активност, е јавниот сектор, преку намалување на тековните расходи, и искажување на буџетски суфицит кој би се депонирал кај финансискиот сектор, или централната банка за намалување на каматните стапки и олеснување на пристапот до кредити на приватниот сектор. Сличен модел за релаксација на монетарната политика беше применуван во периодот 1994 - 1998 година, кога буџетот депонираше просечно годишно околу 25 милиони евра во Народна банка на Македонија. Покрај тоа промената на структурата на јавните расходи во корист на расходи за инфраструктура за сметка на намалувањето на тековните расходи ќе го олесни мекото приспособување на економијата.

Најверојатно е дека одредена комбинација од задолжување кај меѓународните мултилатерални финансиски институции и зголемување на домашното јавно штедење би претставувало оптимална комбинација на макроекономските политики, за да се реализира меко приспособување и задржи економскиот раст на прифатливо ниво без прифаќање на ризици од инфлаторни и валутни притисоци.

И покрај тоа што како мала и отворена економија, Македонија ќе остане апсорбер на екстерните шокови, сепак таа може и мора да ги минимизира ризиците и ги ублажи ефектите од глобалното замрзнување. Мобилизирањето и партнерството на носителите на економската политика со бизнис заедницата, финансиските и академските експерти претставува важна алка во справувањето со глобалните предизвици. Тоа не само што ќе го олесни носењето на прудентни макроекономски мерки, туку ќе го олесни градењето на консензус, со што ќе се зголеми флексибилноста и динамизмот на македонската економија.

(АВТОРОТ Е УНИВЕРЗИТЕТСКИ ПРОФЕСОР И ГЛАВЕН ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР НА СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ)